ЗДРУЖЕНИЕ ЗА РУРАЛЕН РАЗ
ЈАВОР
ЗРНОВЦИ

Здружение за рурален развој Јавор Зрновци во рамките на Клубот на млади истражувачи на здружението распишува,

Повик

за пријавување на ученици од средно стручно образование за учество во Обука за одржливи земјоделски решенија за климатски промени

Обуката е дел од Проектот „Training on Sustainable Agricultural Solutions on Climate Change/ Обука за одржливи земјоделски решенија за климатски промени", од програмата Еразмус+, Клучна акција 1, со регистарски број 2023-1-MK01-KA122-VET-000128418.

Главната цел на овој проект е:
- Краткорочна мобилност на 10 ученици за стручно образование и обука. Со имплементирањето на овој проект, ЗРР Јавор ќе може да влијае на јавната активност, довербата и верувањето дека може да се иницираат мерки во руралните области кои можат да помогнат во ублажувањето на процесот на климатските промени, а истовремено да се развиваат одржливи земјоделски бизниси.

Со реализацијата на обуката учесниците ќе имаат можност:

- да стекнат знаења и вештини за одржливи земјоделски можности;
- да увидат од практики за споделување идеи и вмрежување;
- да стекнат знаење за пренамена и одржување на одржливи системи за управување со земјиштето;
- да стекнат знаење за развојните акциски планови, стратегии и иницијативи за одржлив рурален развој;
- да научат како да го проценат капацитетот на локалните области за користење одржливи решенија;
- да се здобијат со знаење за развој на планови кои се однесуваат на потребите за ресурси и интегрираат еколошки синџири на вредност;
- да научат како да го споделат стекнатото знаење со различни засегнати страни.

Мобилноста на ученици волонтери во проектот ќе се одржи во компании и организации кои се занимаваат со одржливи земјоделски практики во Лајпциг, Германија.
Домаќин на мобилноста ќе биде организацијата Vitalis.
Мобилноста ќе се одвива со почеток од 15.06.2024 година до 30.06.2024 година.
Трошоците за престој, сместување, храна, патување и осигурување ги покрива програмата.

**Услови за пријавување и критериуми за избор**

Кандидатите треба да ги исполнуваат следните услови:

1. Да се ученици во едно средно стручно училиште во Република Северна Македонија.
2. Да се запишани во средно стручно училиште или да имаат завршено средно стручно образование во 2023 година;
3. Да се членови на младинскиот клуб на здружението или да се регистрираат како членови;
4. Да имаат задоволително познавање на англискиот јазик;
5. Да поседуваат важечка патна исправа за патување надвор од Република Северна Македонија.
6. Да имаат лични карактеристики (лична независност, позитивен став, мотивација, способност да се адаптираат на промените), кои ќе гарантираат целосно искористување на искуството кое ќе го стекнат.

За време на мобилноста од учесникот се очекува да:

- Го почитува договорениот план за работа.
- Ги прифати општите правила на компанијата/институцијата домаќин и сите други правила кои се договорени.
- Го почитува распоредот на времето и работата.
- Ги почитува безбедносните процедури.
- Ја користи техничката терминологија.
- Се интегрира во работата на тимот.
- Ги извршува задачите квалитетно и во рамките на предвидените рокови.
- Ги прифаќа добиените наредби и налози.
- Се грижи за личната хигиена и изглед.
- Да биде самокритичен/на и користи објективно и критичко размислување при работата.
- Покаже иницијатива во решавањето на проблемите.
- Ги почитува правилата за користење на објекти и опрема предвидени за нивна употреба (сместување, инсталации, машини, итн.)

**Како да се пријавите?**

Сите заинтересирани, можат да се пријават за учество на обуката со поплнување на апликационата форма: [https://forms.gle/QYVZYK5BDGXwxvMk8](https://forms.gle/QYVZYK5BDGXwxvMk8) со прикачување на Europass кратка биографија на англиски јазик или со скенирање на следниот QR код:

Рокот за пријавување е најдоцна до 30.04.2024 година.

За дополнителни прашања и информации обратете се на тел. +38978384242 или на емаил адреса [zgolceva@yahoo.com](mailto:zgolceva@yahoo.com) .